# Број 9
# 29.06.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Јуни 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29 .06.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 12. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **12.** седница одржана на **26.06.2026** година:

1. **Статут** за изменување на Статутот на Општина Делчево;
2.**Одлука** за промена на седиштето на Општина Делчево;
3. **Одлука** за изменување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица;
4. **Одлука** за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево;
5. **Решение** за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода- голомразица на територијата на Општина Делчево во месец мај 2026 година;
6. **Одлука** за давање согласност на Годишен план за вработување за 2027 година на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;
7. **Одлука** за финансиска поддршка на КУД „Гоце Делчев„-Делчево;
8. **Одлука** за парична помош по барање бр.09-2092/1 од 09.06.2026 година;
9. **Одлука** за парична помош по Барање 09-2195/1 од 19.06.2026 година;
10. **Одлука** за давање на согласност за отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад;
11. **Програма** за измена и дополнување на Програма за култура на Општина Делчево за 2026 година;
12.**Одлука** за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 2294 /1
29.06.2026
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Иван Гоцевски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), Советот на Општина Делчево на својата 12. седница, одржана на 27.06.2026 година, донесе:

# С Т А Т У Т
## за изменување на Статутот на Општина Делчево

I.

Во Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), се вршат следните измени:

1. Во глава I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ, Член 4 **се менува и гласи:**

„Седиштето на Општината е во Делчево, на ул.„ Љубомир Белогаски“ бр.1.“

2. Во глава X. МЕСНА САМОУПРАВА ВО ОПШТИНАТА, Член 137 **се менува и гласи:**

„ Кога Советот на општината ќе оцени дека се исполнети условите и основани потребите за основање на облик на месна самоуправа, донесува Одлуката за основање на урбана односно месна заедница.

II.

Статутот за изменување на Статутот на Општина Делчево влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09- 2272/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26 .06.2026 година** — **Претседател**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски,с.р.**

**2.** Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со Одлуката за промена на име на улица во град Делчево(„Службен гласник на Општина Делчево“ број 21/2025), Советот на Општина Делчево на својата 12. седница одржана на ден 29.06.2026 година, донесе

# ОДЛУКА
## за промена на седиштето на Општина Делчево

Член 1

СЕ МЕНУВА СЕДИШТЕТО на Општина Делчево кое досега е регистрирано на ул.Светозар Марковиќ бр.1, со тоа што во иднина СЕДИШТЕТО на општината да гласи:

Седиштето на Општина Делчево е на **ул.Љубомир Белогаски бр.1**, Општина Делчево .

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 2273/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26 .06.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**3.** Врз основа на член 4 став 3 и член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ'' бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 22 став 1 точка 46 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/21), Советот на Општина Делчево, на својата .12.седница, одржана на ден 26.06.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
**за изменување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица**

**Член 1**

Со оваа одлука во членот 2 ставот 2 се менува и гласи:

„ Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе се склучи согласно одредбите од член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 2274/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.06.2026 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

4. Врз основа на член 22 став (1) точка 7, член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24), член 181 од Законот за правда за децата (''Службен весник на РСМ'' бр.66/24 и 55/25), и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 12. седница, одржана на ден 26.06.2026 година, донесе

## О Д Л У К А
**за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Делчево.

Член 2

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво има 9(девет) членови.

Член 3

За членови на општинскиот совет се именуваат :

1. **Марија Аџиска** – претставник од Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи Делчево;
2. **Емилија Димитровска** – претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Делчево;
3. **Анетка Џоревска Костадиновска**- претставник од Совет на родители на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево;
4. **Сања Арсовска**- претставник од Совет на родители на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево;
5. **Ѓурѓа Т. Здравковска**-претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево
6. **Клаудија Иванова**- претставник од унијата на средношколци;
7. **Софија Спасевска**- адвокат, претставник од Адвокатската комора;
8. **Анита Цоневска**- претставник од Здруженија и фондации и
9. **Наташка Атанасовска**- судија определен од претседателот на судот

Член 4

Членовите на општинскиот совет се именуваат за време од е пет години, со право за повторен избор.

Член 5

Членовите на општинскиот совет од своите редови избираат претседател, со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.

Член 6

Општинскиот совет:

- донесува годишни програми за својата работа што ја усвојува Советот на општината,
- деловник за својата работа на подрачјето на општината,
- вршат работи за следење на состојбите, покренуваат
- иницијативи за нивното подобрување и
- развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејства што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Член 7

За својата работа, општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на Општина Делчево и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

Член 8

Годишната програма за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво се финансира врз основа на финансискиот план од буџетот на општината и од други средства.

Член 9

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на општински совет за превенција на детско престапништво (''Службен гласник на Општина Делчево''

бр.6/21).

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Делчево''.

Бр. 09- 2275/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26 .06.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**5.** Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/05....194/19), член 22 од Статутот на Општината Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 12. редовна седница, одржана на ден .26.2026 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природна непогода- голомразица на територијата на Општина Делчево во месец мај 2026 година

Член 1

Со оваа Решение се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Делчево, во следниот состав:

1. **Кире Цоневски**-преставик од општинската администрација при Општина Делчево
2. **Дејан Јовановски**, преставник од Совет на Општина Делчево;
3. **Тони Стаменковски**, преставник од Совет на Општина Делчево;
4. **Игор Гошевски**, преставник од Совет на Општина Делчево;
5. **Харис Мингаров** - преставник од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево;
6. **Александра Ковачка**- преставник од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево;
7. **Александар Димитровски**- предлог на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Подрачна единица Делчево.

Член 2

При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/2021).

Проценетите штети, Комисијата ги евидентира на пропишани обрасци и табели согласно Методологија.

Член 3

Комисијата во својата работа ќе соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции и по потреба ќе ангажираат и стручни лица – експерти од соодветната област по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Делчево.

Член 4

Процената и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

Член 5

За својата работа Комисијата изработува Извештај за процената на штетите во вид на елаборат согласно Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и истиот го доставуваат до Советот на Општина Делчево на разгледување и усвојување и до Владата на Република Северна Македонија.

Член 6

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево".

Бр. 09 – 2276/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.06.2026 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**6.**Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20-а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на својата 12. редовна седница, одржана на ден 26.06.2026 година , донесе

**ОДЛУКА**
**За согласност на Годишен план за вработување**
**на ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево за 2027 година**

Член 1

Советот на Општина Делчево **дава согласност** на Годишниот план за вработување на ООУ „ Свети Климент Охридски" -Делчево за 2027 година бр.04-417/1 од 04.06.2026 година.

Член 2

Ослуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 2277 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**26..06. 2026 година** **Претседател,**

**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

**7.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002), а согласно барањето на КУД „Гоце Делчев“-Делчево за финансиска поддршка бр.09-2050/1 од 03.06.2026 , Советот на Општина Делчево на својата 12. седница, одржана на ден 26.06. 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За финансиска поддршка на**
**на КУД „Гоце Делчев“-Делчево**

Член 1

*Се одобруваат финансиски средства* во износ од **10.000** денари на **на КУД „ Гоце Делчев“- Делчево.**

Средствата се одобруваат за учество на престижниот светски фестивал за култура, уметност и туризам во Чајџума-провинција Зондулаг (Азија)-Турција кој ќе се одржи во периодот од 15 до 21 јули 2026 година

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево, на трансакциска сметка 300210000017243 **Комерцијална банка АД Скопје.**

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –2278 / 1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**26.06 .2026 година** **Претседател,**

**Делчево** **Николчо Стојменовски,с.р.**

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-2092/1/1 од 09.06.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 12. седница, одржана на ден 26.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по**
**барање бр. 09-2092/1/1 од 09.06.2026 година**

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од **10.000 денари на Киро Енѓовски** од с.Разловци.

Член 2

Финансиските средства од член 1 на оваа одлука се одобруваат за материјална

загрозеност бидејќи лицето е невработено.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Делчево на име Киро Енѓовски од с.Разловци, на трансакциска сметка 200003788032061.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09- 2279 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.06. 2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски ,с.р.**

9. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање 09-2195/1 од 19.06.2026 година, Советот на Општина Делчево на својата 12.седница, одржана на ден 26.06.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по Барање 09-2195/1 од 19.06.2026 година**,

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од **10.000** денари на Ариф Асанов од с.Работивиште.

Средствата ќе бидат наменети за поправка на покрив на неговата семејна куќа.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име Ариф Асанов на трансакциска сметка 200001315707798, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 2280 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.06.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски, с.р.**

**10.** Врз на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и во согласност со чл.34 од Правилникот за сметководство на Буџетите и Буџетските корисници (Сл.весник на РМ) бр.28/2023...101/2013) Советот на Општина Делчево на 12-тата одржана седница на 26.06.2026 година, донесе

<u>ОДЛУКА</u>

**За давање на согласност зза отуѓување и предавање на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на електронски отпад**

Член 1

Се дава согласност движните ствари за кои Советот на Општина Делчево има донесено Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на ООУ Св.Климент Охридски Делчево за отпис и расходување на електронски електричен отпад бр.02-71/4 заведена под бр.09-867/1 од 12.03.2026 година, Одлука за давање согласност на Одлуката на Училишен одбор на СОУ М.М.Брицо Делчево за отуѓување на електронски електричен отпад за кои сметководствената вредност е нула а кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат и неможат да се дадат на кростење, продадат или разменат заведена под бр.09-541/1 од 12.02.2026 година и Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Записник за селекција, евиденција и отуѓување на електронски отпад бр.02-64/6 од 23.03.2026 година донесена од Училишен одбор на ОЈУДГ Весели Цветови Делчево заведена под бр.09-1147/1 од 31.03.2026 година да се предадат на правно лице со кое Општина Делчево има склучено Договор, а кое е регистрирано за вршење дејност и поседува лиценца и дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад за движни ствари-опрема кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и неможат да се продадат или разменат како такви.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е листата на електронски отпад бр.1, бр.2 и бр.3.

Член 3

Предавањето односно преземањето на електронски отпад е потребно да биде констатирано на записник.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-2281/1**
**26.06.2026 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски**

11.

11.Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл. Весник на РСМ“ бр.84/20 и 202/24), член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 15, став 1 точка 5 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 12. Седница, одржана на 26.06.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2026

Член 1

Во Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година број 09-869/1од 12.03.2026 година на Советот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2026), во точка 5.4.21- **Делчевско лето (Прв и Втор дел) во делот Активности, по алинеја 1 се додаваат нови алинеи 2 и 3 кои гласат:**

- Организирање целовечерен концерт на познати македонски музички артисти;
- Организирање целовечерен концерт на познати странски артисти.

Алинеите 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 стануваат алинеи: 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 2

Во Табелата **„VI Акциски план за Програмата за 2026**“, точка 12, колона буџет, „300.000,оо“ се заменува со „600.000,оо “.

Член 3

Во Табелата „**VIII ФИНАНСИСКИ ДЕЛ-4.1 Табеларен преглед на настани и финансии“,** точка 12, колона Буџет во денари, „300.000,оо“ се заменува со износ „600.000,оо“.

Во Табела 1 од **Табеларен преглед на настани и финансии** во делот вкупно, колона Буџет во денари, „705.000,00“ се заменува со износ „1.005.000,оо“.

Во Табела 1+2 од **Табеларен преглед на настани и финансии** во делот вкупно, колона Буџет во денари,„1.035.000,00“ се заменува со износ „1.335.000,оо“.

Член 4

Оваа Програма за измена и дополнување на Програмата за култура на Општина Делчево за 2026 година влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Бр. 09 - 2282/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.06.2026 година — Претседател,
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р

12. Врз основа на член  36  од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002 и “Сл.весник на РСМ“бр.202/24) и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021),  а согласно одредбите од   Законот за индустриски-зелени зони и  Законот за технолошки индустриски развојни зони (“Службен весник на Република Македонија” број 14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12 и 41/14), Советот на Општина Делчево, на 12. седница одржана на ден 26.06.2026 година, ја  донесе следната

**ОДЛУКА**
**за покренување иницијатива за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ во индустриска зона согласно Законот за индустриски-зелени зони**

Член 1

Со оваа одлука, Советот на Општина Делчево  покренува Иницијатива и предлага до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ја разгледа можноста и да преземе активности за започнување постапка за трансформација на Технолошко индустриска развојна зона „Делчево“ во индустриска зона, согласно одредбите од Законот за индустриски-зелени зони и најновите измени и дополнувања на законската регулатива со која е уредена оваа материја.

Иницијативата се поднесува со цел создавање правни, организациски и практични предуслови за ставање во функција на просторот на зоната, забрзување на локалниот економски развој, привлекување домашни и странски инвестиции, поддршка на локалното стопанство и отворање нови работни места на подрачјето на Општина Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“ и истата да се достави до Дирекција за технолошки индустриски развојни зони.

**Број 09-2283/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЕВО**
**26.06.2026 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски**